# ЈАВЕН ПОВИК

**за избор на експерт/ка за спроведување еднодневна обука за зајакнување на капацитетите на врснички тим за одговор на насилство и трговија со луѓе**

## 1. Објавувач на повикот

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје на ден 19.09.2025 година објавува **Јавен повик за избор на експерт/ка за спроведување еднодневна обука за зајакнување на капацитетите на врснички тим за** одговор на насилство и трговија со луѓе, со фокус на идентификација на жртви и протоколи и сервиси за постапување, со цел врсничкиот тим да биде целосно оспособен за обезбедување ефикасна врсничка поддршка.

Овој ангажман се реализира во рамки на проектот „**Самоидентификувани сексуални работници во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки**", поддржан од UN Trust Fund to End Violence against Women. Крајната цел на проектот е самоидентификуваните сексуални работници во Северна Македонија кои се жртви на или се изложени на ризик од сексуално насилство, експлоатација и трговија со луѓе, ќе имаат поголема слобода на дејствување, безбедност и пристап до правда.

**Повеќе за проектот може да прочитате на следниов линк:**
Самоидентификуваните сексуални работнички во борба против сексуалното насилство и трговијата со жени и девојки

## 2. Цели на ангажманот

Целта на повикот е избор на стручно лице од областа на превенцијата на сексуалното насилство и трговијата со луѓе кое ќе подготви и реализира еднодневна практична и интерактивна обука со која ќе се обезбеди:

- унапредување на знаењата и вештините за идентификација на жртви и лица изложени на ризик;
- запознавање со постојните национални протоколи и сервиси за постапување;
- развивање на пристапи за градење доверба, комуникација и обезбедување врсничка поддршка.

Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје
ул. 11 Октомври 22/2 Скопје | +389(0)2 3232411 | star.contact@yahoo.com
www.starsexwork.org

## 3. Опис на задачите

Експертот/ката ќе има обврска да:

1. Развие еднодневна програма и методологија за работа;
2. Развие прашалник за проценка на пред и пост знаењето на учесниците;
3. Спроведе еднодневна обука со врсничкиот тим;
4. Развие и достави извештај за спроведената активност со препораки за натамошна работа.

## 4. Период на реализација

Ангажманот ќе се реализира во периодот од **01.10.2025** до **31.10.2025** година.

## 5. Финансиска понуда

Кандидат(к)ите, за ангажманот треба да доставaт финансиска понуда во бруто износ, изразена во американски долари.

## 6. Критериуми за избор

- Искуство во подготовка и спроведување обуки во областа на родово базирано насилство, сексуално насилство, трговија со луѓе или работа со маргинализирани групи;
- Квалитет на предлог програма/методологија за работа;
- Економски најповолна понуда.

**Предност ќе имаат кандидати со:**

- Искуство и/или познавање на правата и потребите на сексуалните работници/чки и други маргинализирани заедници во Република Северна Македонија.

## 7. Склучување договор

Здружението ќе именува комисија за избор, најдоцна во рок од 3 (три) работни дена по завршување на повикот. Со избраниот експерт/ка, здружението ќе склучи договор за повремено ангажирање. Условите за ангажманот ќе бидат заедно утврдени во договорот помеѓу извршителот и корисникот на услугата, предмет на ангажманот. Доколку комисијата не спроведе избор, рокот на јавниот повик ќе се продолжи.

## 8. Потребни документи за аплицирање

- Кратко мотивациско писмо;
- Професионална биографија (CV);
- Предлог програма/методологија за спроведување на обуката;
- Финансиска понуда изразена во бруто износ во американски долари.

## 9. Начин и рок за аплицирање

Документите треба да се достават со назнака:
**„Јавен повик за избор на Експерт/ка за обука на врснички тим за одговор на насилство и трговија со луѓе“** на следните адреси на електронска пошта: star.contact@yahoo.com и bozhinov@starsexwork.org

Краен рок за аплицирање: **26.09.2025 година,16:00 часот**.

Нецелосни апликации и пријави доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат. Избраниот кандидат/ка ќе биде известен/а по електронски пат, најдоцна до **30.09.2025** година.